РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 792
26.06.2018 година
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА
Примено 02.07.2018 03
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
08 - 1037/1

Технолошко-технички факултет-Велес
Примено: 03.07.2018
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
03 | 142/3

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Нутриционизам на Технолошко – технички факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Нутриционизам на Технолошко – технички факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола се обрати со барање бр. 08-413/2 од 20.03.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-792 од 22.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Нутриционизам на Технолошко – технички факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-159/2 од 27.02.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-792 од 04.04.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 13.04.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-792 од 16.04.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Нутриционизам на Технолошко – технички факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti